**И З В Р Ш И Т Е Л**
**Николче Диневски**
**именуван за подрачјето на**
**Основен суд**
**Битола и Ресен**
**ул. Д.Т.Ц. Шехерезада мезанин лок.** 7
**тел. 047 230-040**

**Образец бр.66**

**И.бр.1213/2025**

Извршителот **Николче Диневски** од **Битола** врз основа на барањето за спроведување на извршување од доверителот **Митре Стерјовски** од Ресен со живеалиште на ул.Борис Кидрич бр.178**, застапуван од адв.Димитар Вршков од Битола** засновано на извршната исправа Пресуда П4-71/24 од 10.03.2025 на Основен суд Ресен и Пресуда ГЖ-525/25 од 27.10.2025 Апелационен суд Битола, против солидарните должници: **Борис Матовски** од с.Добромири, Општина Новаци со живеалиште во с.Добромири и **Летка Матовска** од с.Добромири, Општина Новаци со живеалиште во с.Добромири, за спроведување на извршување во вредност 14.000,00 евра, на ден 19.03.2026 година го донесува следниот:

# З А К Л У Ч О К
## ЗА УСНА ЈАВНА ПРОДАЖБА
**(врз основа на членовите 179 став (1), 181 став (1) и 182 став (1) од Законот за извршување)**

СЕ ОПРЕДЕЛУВА продажба со усно јавно наддавање на недвижностите на должникот **Борис Матовски** од с.Добромири, Општина Новаци со живеалиште во с.Добромири, запишани во **Имотен лист бр.22 за КО Добромири** и **Имотен лист бр.434 за КО Добромири**, при АКН на РСМ, со следните ознаки:

**Имотен лист бр.22 за КО Добромири**
ЛИСТ А
Матовски Михајло Борис, с.Добромири бб, Битола, дел на недвижност 1/1
ЛИСТ Б
КП 568/1, м.в.Село, култура ЗЗ / Н, површина 859 м$^2$, право на сопственост
КП 568/1, м.в.Село, култура ГЗ / ЗПЗ, површина 65 м$^2$, право на сопственост
**Имотен лист бр.434 за КО Добромири**
ЛИСТ А
Борис Матовски, с.Добромири бб, Битола, дел на недвижност 1/1
ЛИСТ В
КП 568/1, м.в.Село, згр 1, влез 1, кат ПР, намена ДП, површина 109 м$^2$, право на сопственост
КП 568/1, м.в.Село, згр 1, влез 1, кат МА, намена СТ, површина 81 м$^2$, право на сопственост.

Продажбата ќе се одржи **на ден 17.04.2026 година во 11:00 часот** во просториите на извршител Николче Диневски – ДТЦ Шехерезада мезанин локал 7 во Битола.

Почетната вредност на недвижноста, утврдена со заклучок на извршителот И.бр.1213/2025 од 16.03.2026 година, изнесува **3.431.631,00 денари**, под која недвижностите не може да се продадат на првото јавно наддавање.

Недвижноста е оптоварена со следните товари и службености: Налог за извршување И.бр.1213/2025 од 13.01.2026г. и Договор за закуп на недвижен имот УЗП 2338/2023 од 10.04.2023г. на Нотар Андреј Христов од Битола. Должникот кој како сопственик домува во продадената семејна станбена зграда или стан, не го задржува правото да домува тука и е должен зградата, односно станот да ги испразни во рок од 30 дена од денот на доставување на Заклучокот за предавање во владение на недвижноста,

а ако тоа не го стори, извршителот на предлог од купувачот присилно ќе го изврши испразнувањето на зградата односно станот.

На јавното наддавање можат да учествуваат само лица кои претходно положиле гаранција која изнесува 1/10 (една десеттина) од утврдената вредност на недвижноста.

Уплатата на паричните средства на име гаранција се врши на жиро сметката од извршителот со бр. 500000001024444 која се води кај АЛТА Банка АД Битола и даночен број МК5002007113600, најдоцна до 16.04.2026 година.

На понудувачите чија понуда не е прифатена, гаранцијата им се враќа веднаш по заклучувањето на јавното наддавање.

Најповолниот понудувач - купувач на недвижноста е должен да ја положи вкупната цена на недвижноста, во рок од 15 дена од денот на продажбата, во спротивно ќе се определи нова продажба, а средствата од положената гаранција се сметаат за наплатени средства во извршувањето.

Овој заклучок ќе се објави во следните средства за јавно информирање Нова Македонија и електронски на веб страницата на Комората .

Заклучокот ќе се достави до странките, заложните доверители, до учесниците во постапката, до лицата кои имаат запишано или законско право на првенство на купување и до надлежниот орган на управата.

И З В Р Ш И Т Е Л
Николче Диневски

Д.-на: Должници, доверител преку полномошник, Општина Битола,

закупец ЗАФИРОВСКИ КОМПАНИ ДООЕЛ увоз-извоз с.Добромири Новаци

**Правна поука:** Против овој налог може да се поднесе приговор до Основниот суд на територијата каде што ќе се спроведува извршувањето согласно одредбите на член 86 од Законот за извршување.